Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 03-499/1
20.01. 2016 год.
СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

**за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање во периодот од 01 јули до 31 декември 2015 година**

**Јануари, 2016 година**

## СОДРЖИНА

Вовед....................................................................................................................................3

Промени на сопственичката структура.....................................................................................4

Посебна забрана за стекнување сопственост.........................................................................6

Недозволена медиумска концентрација....................................................................................7

Јавност во работата на радиодифузерите...............................................................................8

## ВОВЕД

Во овој втор полугодишен извештај за 2015 година се содржани активностите коишто Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги презеде во втората половина на минатата година, а кои се однесуваат на промените во сопственичката структура на радиодифузерите, утврдувањето недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), како и на активностите во врска со исполнувањето на обврската на радиодифузерите за обезбедување јавност во своето работење.

Во втората половина од 2015 година Советот на Агенцијата донесе седум одлуки со кои дозволи спроведување промени во сопственичката структура на вкупно седум радиодифзери (ТВ Арт од Тетово, Г-ТВ од Гостивар, РА Рос Метрополис од Скопје, РА Свети Николе од Свети Николе, РА Б-97 и РА Актуел од Битола и РА Ред ФМ од Тетово).

Во рамки на законската надлежност да утврдува постоење недозволена медиумска концентрација, во извештајниот период Агенцијата донесе една одлука за поведување постапка за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација кај РА КАНАЛ 77 од Штип.

Во периодот од 01 јули до 31 декември 2015 година, во насока на следење на исполнувањето на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), Агенцијата изврши два редовни административни надзори над сите радиодифузери, и тоа еден во јули и еден во ноември 2015 година. Со надзорот во јули беше констатирано дека обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми во вториот предвиден рок (најдоцна до 30 јуни) не ја исполниле ТВ Еми од Радовиш и РА Лав од Охрид. Оваа обврска во третиот предвиден рок (најдоцна до 31 октомври) не ја исполниле ТВ Еми од Радовиш и РА ДИ-ЏЕЈ од Струга.

## 1. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА

Во извештајниот период Советот на Агенцијата донесе седум одлуки со кои дозволи промени во сопственичката структура на седум радиодифузери, и тоа на една телевизиска станица која емитува програма на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа (ТВ Арт од Тетово), една телевизиска станица со дозвола да емитува програма на локално ниво (Г-ТВ од Гостивар), една радиостаница на државно ниво (РА Рос Метрополис од Скопје) и на четири локални радиостаници (РА Свети Николе од Свети Николе, РА Б-97 и РА Актуел од Битола и РА Ред ФМ од Тетово).

На 21.07.2015 година, Известување за промена на сопственичката структура до Агенцијата достави **Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово**. Откако радиодифузерот самиот констатираше дека во Известувањето се внесени погрешни податоци, на 23.07.2015 година до Агенцијата достави исправка на Известувањето. Со ова Известување беше побарана согласност, со купување на 51% од уделот на постојниот сопственик на радиодифузерот (физичкото лице Артан Скендери), во сопственоста да пристапи правното лице Друштво АНМ ЕНТЕРПРИСЕ ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Тетово. Бидејќи со планираната промена на сопственичката структура на се прекршуваа одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе одлука со која ја одобри оваа промена.

На 21.07.2015 година, Известување за промена на сопственичката структура беше доставено и од страна на **Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе**. На 24.07.2015 година радиодифузерот со писмен допис ја извести Агенцијата дека го повлекува претходно доставеното Известување, а на 31.07.2015 година достави ново Известување за промена на сопственичката структура. Со промената беше планирано од сопственоста да истапат тогашните сопственици, Фондот на ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА Ц.О. Скопје и Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе, а да пристапи физичкото лице Борче Серафимовски од Свети Николе. Откако констатираше дека со предложената промена не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе одлука со која дозволи спроведување на промената. Имено, ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе побара одобрение за промена на сопственичката структура поради тоа што Агенцијата на 04.06.2015 година донесе одлука со која се утврди повреда на забраната од членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на овој радиодифузер и, согласно член 43 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, му наложи во рок од 90 дена да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од овој закон.

Согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30.09.2015 година, Известување за промена на сопственичката структура достави **Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар.** Прилозите кои беа поднесени заедно со Известувањето не беа уредно пополнети, поради што Агенцијата писмено го извести радиодифузерот да ги доуреди истите. На 08.10.2015 година, ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар ги достави уредно

потребните документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14). Промената која ја побара радиодифузерот се однесуваше на истапување од сопственоста на единствениот сопственик, физичкото лице Фатмир Лимани од Кичево и на пристапување на физичкото лице Блерим Мустафи од Гостивар. Со предложените промени на сопственичката структура на овој радиодифузер не се создаваше недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради што Советот на Агенцијата донесе одлука со која ја одобри бараната промена.

На 07.09.2015 година **Трговското Радио-Дифузно друштво Б-97 ДООЕЛ Битола** ја извести Агенцијата дека промената на сопственичката структура која регулаторното тело ја одобри во мај 2015 година не е реализирана во Централниот регистар на Република Македонија, а во прилог достави и ново Известување за промена на сопственичката структура. На 06.10.2015 година достави известување дека го повлекува и ова Известување за промена на сопственичката структура. На 14.10.2015 година, овој радиодифузер до Агенцијата достави ново Известување за промена на сопственичката структура со кое побара согласност за истапување на единствениот сопственик, физичкото лице Петар Робе од Битола и за пристапување на физичкото лице Марија Младеновска-Димитровска, исто така од Битола. Откако констатираше дека не постојат законски пречки за реализирање на оваа промена, Советот ја одобри истата.

**Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ** до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичката структура на 20.10.2015 година. Со него радиодифузерот побара согласност за истапување на физичкото лице Владимир Николоски од Битола и за пристапување на физичкото лице Лазар Николоски од Битола. Советот, откако констатираше дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе одлука со која ја одобри и оваа промена.

На 06.10.2015 година, **Радиодифузното трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје** до Агенцијата достави Барање за одобрение за промена на сопственичка структура. Бидејќи доставеното барање не беше во согласност со Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), Агенцијата со писмен допис го извести радиодифузерот да достави уредно и комплетно известување. На 28.10.2015 година РТД РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје достави ново Известување за промена на сопственичката структура, со кое беше побарана согласност од сопственоста на радиодифузерот да истапи физичкото лице Ацо Драговиќ од Скопје, а неговиот удел да биде пренесен на содружникот Дарко Гелев, исто така од Скопје. Поради тоа што не постоеја пречки во смисла на одредбите од Глава IV „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“ од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот донесе одлука со која го дозволи спроведувањето на бараната промена.

На 11.12.2015 година, одобрение за промена на сопственичката структура од Агенцијата побара **Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ**

**Тетово.** Документацијата којашто радиодифузерот ја достави во Агенцијата во прилог на Известувањето за промена на сопственичката структура не беше уредна, поради што Агенцијата телефонски го извести радиодифузерот да ја доуреди истата. На 15.12.2015 година, ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово го достави уредно потребниот документ. Беше побарано одобрение за истапување на единствениот сопственик на радиодифузерот, физичкото лице Мухамет Ајети од с.Пршовце, Теарце, и за пристапување на физичкото лице Арба Мехмети од Тетово. Откако констатираше дека со оваа промена не се создава недозволена медиумска концентрација и дека таа не спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата ја одобри истата.

На 21.10.2015 година, Советот на Агенцијата донесе одлука со која се поништува Одлуката со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, донесена на 17.04.2015 година врз основа на доставено Известување за промена на сопственичката структура. Одлуката со која се поништува оваа одлука беше донесена поради неможност да се изврши претходно одобрената промена.

## 2. ПОСЕБНА ЗАБРАНА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СОПСТВЕНОСТ

На седницата одржана на 04.06.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе (Одлука за утврдување повреда на забрана бр.03-829 од 04.06.2015 година) и од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид (Одлука за утврдување повреда на забрана бр.03-830 од 04.06.2015 година), во смисла на тоа дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје поседуваше удели кај овие две радиостаници. Согласно одредбите од членот 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата им наложи на овие радиостаници да ја усогласат својата сопственичка структура со одредбите од овој закон, во рок од 90 дена од денот на приемот на одлуките за утврдување повреда на забрана.

За донесените одлуки за утврдување повреда на забрана, на 05.06.2015 година Агенцијата ги извести Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Ниту една радиостаница не ја усогласи сопственичката структура во утврдениот рок, кој за ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе истече на 07.09.2015 година, а за ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид на 06.10.2015 година. Во членот 43 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку радиодифузерот не постапи во согласност со одлуката за утврдување повреда на забрана Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и постапка утврдени со овој закон.

На 13.10.2015 година, до Агенцијата се обрати Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје, наведувајќи дека во 2013 година го понудил на продажба уделот што го поседува во Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, но притоа тој останал

непродаден и дека *„почнувајќи од 01.01.2015 година, односно по стапувањето на сила на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр.38/2014) со кои во член 197 од Законот беше додаден нов став, Фондот се судрува со пречки да го понуди повторно на продажба уделот што го поседува во РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО".* Ставот 7 којшто со овие измени на Законот за трговски друштва е додаден во членот 197 од овој закон гласи: *„Содружниците во друштвото кои должат по основ на неплатени даноци, царини и придонеси не можат да купуваат, ниту да вршат пренос на удели во своето, или во други трговски друштва".* Во врска со уделот во сопственоста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, Фондот ја извести Агенцијата дека на 22.08.2011 година го продал уделот што го поседувал во оваа радиостаница на физичкото лице Емин Папранику и дека *„не му е позната причината зошто не е извршена измена на уписот, односно впишување на новиот сопственик на уделот во трговскиот регистар"* .

За да се изнајде начин за надминување на констатираните состојби, Агенцијата го извести и Министерството за информатичко општество и администрација, кое на 19.10.2015 година организираше работен состанок помеѓу претставници на ова министерство, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Министерството за економија и на Комисијата за хартии од вредност. Од овој состанок произлегоа следните заклучоци:

- Во врска со уделот на Фондот во сопственоста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, а за да се надминат пречките коишто настапија со измените на Законот за трговските друштва, Министерството за информатичко општество и администрација да иницира измени во овој закон со коишто Фондот ќе може да ги отстапува уделите што ги поседува во трговски друштва.
- Во врска со уделот на Фондот во сопственоста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, согласно член 196 ставови 3 и 4 од Законот за трговските друштва, Фондот да поднесе предлог до судот да донесе одлука за упис на продадениот удел во Централниот регистар.

Со оглед на наведеното, на 34-тата седница одржана на 06.11.2015 година, Советот на Агенцијата донесе Заклучок за одложување на понатамошното постапување по донесените одлуки за утврдување повреда на забрана на членот 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе и ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, се до исходот од најавените активности од страна на надлежните институции.

## 3. НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

На седницата одржана на 30.07.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност од страна на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип (Уп1 бр.03-954 од 31.07.2015 година). Постапката беше поведена поради тоа што беше констатирано дека основачот на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип – правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, во 2014 година остварувало приходи од вршење на

дејноста 73.12 – Огласување преку медиуми. Единствен основач на ова правно лице е физичкото лице Виктор Гаврилов. Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот". Член 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги забранува поврзаност помеѓу трговски друштва кои вршат радиодифузна дејност и трговски друштва кои вршат дејност „реклама и пропаганда", и тоа било преку основачите, било преку физичките лица кои се носители на функции на управување кај радиодифузерите, било преку поврзаните лица во смисла на овој Закон.

Согласно членот 43 став 2 од Законот, Агенцијата побара од ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност, да ги достави во Агенцијата сите податоци од значење за одлучувањето.

На 16.09.2015 година радиодифузерот во Агенцијата достави Одговор кон којшто, покрај другите документи, беше доставено и *„Стручно мислење по повод постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација"* изработено од Центарот за развој на медиуми на барање на ТРД Канал 77. Во овој документ Центарот за развој на медиуми дава толкување на цитираните одредби од Законот, со кое тврди дека *"...не постои недозволена медиумска концентрација по ниту еден од можните основи согласно ЗААВМУ, а најмалку по основ на член 39 став 1 алинеја 5 и дека Агенцијата треба да донесе одлука со којашто ќе ја запре постапката за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација".*

Поради тоа што единствен орган кој дава автентично толкување на законите е Собранието на Република Македонија, а во врска со членот 175 од Деловникот на Собранието, на 23.12.2015 година Агенцијата побара од Владата на Република Македонија до претседателот на Собранието на Република Македонија да поднесе барање за автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Со цел да ги потсети на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да ја достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето, на 12 јуни 2015 година Агенцијата испрати Укажување до сите радиодифузери овие податоци да ги објават најдоцна до 30 јуни 2015 година.

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2015 година, редовниот административен надзор во врска со исполнувањето на оваа обврска беше спроведен во јули. Со него беше констатирано дека обврската од овој член не ја

исполниле само Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш и Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, поради што Агенцијата писмено ги опомени и им даде дополнителен рок од 45 дена за да ги објават податоците и да достават снимка од објавата. Со цел да се утврди дали овие радиодифузери постапиле по опомената (во целост, делумно или не постапиле), Агенцијата во август изврши контролен надзор со кој беше констатирано дека во дополнителниот рок и двата радиодифузери во целост ја исполниле обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите, радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година третиот пат да ги објават најдоцна до 31 октомври. Административниот надзор во врска со исполнување на оваа обврска во третиот предвиден рок беше извршен во ноември 2015 година и со него беше констатирано дека обврската не ја исполниле Трговското радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш и Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга. Согласно член 13 став 6 од Законот за медиуми, Агенцијата на овие радиодифузери им изрече мерки писмени опомени и им наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решенијата за преземање мерка да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за медиуми.